SYMPOSION

П О К А Н А

ЗА УЧЕСТВО НА
ЕДНОДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

„ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА, ЗА ПОНИСКИ ТРОШОЦИ НА КОМПАНИИТЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ“

(2 АПРИЛ 2026 ВО КРАЛСКА ВИНАРИЈА „QUEEN MARIA“ — ДЕМИР КАПИЈА)

ВО ФОКУСОТ НА ЕДНОДНЕВНАТА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

Работилницата „ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА, ЗА ПОНИСКИ ТРОШОЦИ НА КОМПАНИИТЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ“ е внимателно осмислена и практично разработена за **КОМПАНИИТЕ** кои според дефиниција припаѓаат на категоријата **ГОЛЕМИ ТРГОВЦИ**, со цел да ги зајакнат своите **КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ** на **СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА** (EnMS — Energy Management System). Со тоа, учесниците понесуваат најмалку **ДВОЕН БЕНЕФИТ — НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ** и **ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЗАКОНСКАТА ОБВРСКА** за спроведување енергетска контрола на секои 4 години.

Целта на работилницата е учесниците да стекнат **ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА И НАСОКИ** за:

- ✓ **ЗНАЧЕЊЕТО И БЕНЕФИТИТЕ** од **МЕРЕЊЕТО, СЛЕДЕЊЕТО** и **УПРАВУВАЊЕТО** со **ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА** (од особено значење за компаниите кои имаат производствена дејност и енергијата има **ЗНАЧИТЕЛЕН УДЕЛ ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ**).
- ✓ Повишување на **СВЕСТА** кај **СИТЕ ВРАБОТЕНИ** за **УПРАВУВАЊЕТО СО ЕНЕРГИЈАТА**.
- ✓ **ДЕФИНИРАЊЕ ЦЕЛИ** за **НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА, ИДЕНТИФИКУВАЊЕ МЕРКИ** со кои ќе се постигнат целите и подготовка на **АКЦИСКИ ПЛАНОВИ**.
- ✓ **АНАЛИЗА НА ИСПЛАТЛИВОСТА** на идентификуваните мерки за подобрување на енергетската ефикасност односно **ОПТИМИЗИРАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА** на енергија.
- ✓ **ИДЕНТИФИКУВАЊЕ** на **ЗНАЧАЈНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ** на енергија и определување на **ЕНЕРГЕТСКИ ИНДИКАТОРИ** за **СЛЕДЕЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА** на енергија.
- ✓ **ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ** како **КРИТЕРИУМ** при спроведувањето на **ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**.
- ✓ **САМОСТОЈНА ИЗРАБОТКА** на **РЕГРЕСИОНИ МОДЕЛИ** за потрошувачката на енергија, врз основа на **РЕАЛНИ ПОДАТОЦИ** од компаниите.

Учесниците ќе имаат можност да разгледаат **КОНКРЕТНИ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ**, со цел да добијат **ПРИМЕНЛИВИ ВЕШТИНИ** кои ќе им овозможат **ПОЕФИКАСНО** и **ПОУСПЕШНО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА** во своите компании.

По завршувањето на работилницата, учесниците ќе можат **САМОСТОЈНО** или со минимална помош да имплементираат систем за управување со енергија во **СВОИТЕ КОМПАНИИ**. На тој начин ќе **ОСТВАРАТ ЗАШТЕДА** во **ЗНАЧИТЕЛНИ СРЕДСТВА** за ангажирање на надворешни консултанти за овој процес. По **САМОСТОЈНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** на системот за управување со енергија, единствено ќе им биде потребна **СЕРТИФИКАЦИЈА**

од страна на **АКРЕДИТИРАНО ТЕЛО** за **ОЦЕНКА НА СООБРАЗНОСТ** согласно **ЗАКОНОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**. Со тоа, стануваат **ОСЛОБОДЕНИ ОД ОБВРСКАТА** за спроведување на **ЕНЕРГЕТСКА КОНТРОЛА** на секои 4 години пропишана со Законот за енергетска ефикасност, со што исто така се заштедуваат средства. Секако, самото **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ** за управување со енергијата е **НАЈГОЛЕМАТА ПРИДОБИВКА** бидејќи го **ОПТИМИЗИРА КОРИСТЕЊЕТО НА РЕСУРСИТЕ** во компанијата.

ЗАИНТЕРЕСИРАНИ УЧЕСНИЦИ

Главните **ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА И ГРУПИ** кои имаат **ДИРЕКТЕН ИНТЕРЕС ЗА УЧЕСТВО** во оваа практична стручна работилница се **КОМПАНИИТЕ** кои се **ГОЛЕМИ ТРГОВЦИ** (**ОДГОВОРНИ ЛИЦА** кои ја **СЛЕДАТ ПОТРОШУВАЧКАТА** на енергија, **ИНЖЕНЕРИ ОД ПРОИЗВОДСТВО**, одржување, **ОДГОВОРНИ ЛИЦА ЗА ОДРЖУВАЊЕ** во деловните згради и сл.), и други **ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА** кои од различен аспект се **ПОВРЗАНИ СО ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА** односно **УПРАВУВАЊЕТО СО ПОТРОШУВАЧКАТА** на енергија.

Препорачливо и полезно е учесниците да понесат **ПРЕТХОДНО ПОДГОТВЕНИ ПОДАТОЦИ** за **ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА** (електрична, топлинска, компримиран воздух, и сл.) во **СВОИТЕ КОМПАНИИ** (или одреден објект од компанијата) на месечно ниво, како и соодветни податоци за остварениот производство (доколку станува збор за компанија со производствена дејност). Подготвените податоци треба да се однесуваат на една цела **КАЛЕНДАРСКА ГОДИНА**. Полезно и препорачливо е, воедно, учесниците да понесат личен работен лаптоп заради **ДИРЕКТНА ИЗРАБОТКА НА МОДЕЛИ** на потрошувачка за нивните компании врз **РЕАЛНИ ПОДАТОЦИ**.

ЕКСПЕРТИ—ПРЕДАВАЧИ

Д-Р ДАНИЕЛА МЛАДЕНОВСКА — ДОКТОР ПО ТЕХНИЧКИ НАУКИ и UNIDO (UNITED NATIONS INDUSTRIAL DEVELOPMENT ORGANIZATION) СЕРТИФИЦИРАН ЕКСПЕРТ за СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА (ENMS), со над 25 години работно искуство како ИНЖЕНЕР во ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР.

М-Р ГОРАН ТАНЧЕВСКИ — дипл. МАШИНСКИ ИНЖЕНЕР и дипл. ИНЖЕНЕР ТЕХНОЛОГ. UNIDO СЕРТИФИЦИРАН ЕКСПЕРТ за СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА (EnMS). КОНСУЛТАНТ во областа на ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, ОПТИМИЗАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА ПАРЕА и СИСТЕМИ ЗА КОМПРИМИРАН ВОЗДУХ со над 25 годишно работно искуство.

ВРЕМЕ И МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Еднодневната стручна работилница ќе биде реализирана според работниот план изложен во **АГЕНДАТА** во винаријата „**ROYAL WINERY QUEEN MARIA**“ — **ДЕМИР КАПИЈА**, на **2 АПРИЛ (ЧЕТВРТОК)** 2026 ГОДИНА. Целосната логистика на настанот е организирана и покриена од страна на **Симпозион**. Покрај стручниот работен дел, посетата ќе опфати ЕКСТЕНЗИВНА ПРОШЕТКА низ имотот на уникатната КРАЛСКА ВИЛА со придружните зданија, ВИНСКИОТ БАР, ВИЗБИТЕ и ПРОИЗВОДСТВЕНИОТ КОМПЛЕКС, како и РУЧЕК СО ДЕГУСТАЦИЈА на претставените вина во удобниот амбиент на ВИНАРИЈАТА „КРАЛИЦА МАРИЈА“.

→ *Во продолжение се наведени важните информации за пријавување на стручната работилница, заедно со потребните информации за уплата на котизацијата.*

SYMPOSION

НАЧИН ЗА ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Котизацијата за работилницата изнесува 7.990,00 денари + ДДВ 18%. За пријавени три и повеќе лица од иста институција следува **попуст од 10 %.**

Котизацијата за учество **вклучува**:

- организиран превоз на релацијата Скопје—Демир Капија—Скопје
- сеопфатно учество во предвидените работни сесии на стручната работилница
- користење на соодветна конференциска сала
- кафе-паузи, освежување и вода во текот на целата работилница
- винска тура со разглед на имотот на кралската винарија „Queen Maria“ и нејзините визби со вински водич
- организиран ручек во винарскиот ресторан со дегустација на избрани вина
- обезбедени целокупни работни материјали (печатени и дигитални)
- сертификат за успешно учество на стручниот настан
- континуирана директна комуникација со предавачот-експерт за надминување на вашите конкретни прашања, проблеми и дилеми од стручната практика

Пријавувањето за учество на работилницата е **отворено** најдоцна **до 31 март** 2026 г. со пополнување и испраќање на **ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПЛАТА

Информации за уплата на котизација за работилницата:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. ***078 271 576*** *или на официјалната ел. адреса.*